**ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА**

**од 18 Декември 2009 година**

**за доделување на правото на Република Македонија за управување со помошта која се однесува на Компонента 5 – Земјоделство и Рурален Развој од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за претпристапните мерки 101, 103 и 302 во претпристапниот период**

(2009/987/ЕУ)

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

Имајќи го предвид Договорот за функционирање на Европската Унија,

Имајќи ја предвид Регулативата на Советот (ЕК) Бр. 1085/2006 од 17 Јули 2006 година, за воспоставување на Инструмент за претпристапна помош (ИПА)([1]),

Имајќи ја предвид Регулативата на Комисијата (ЕК) Бр. 718/2007 од 12 Јуни 2007 година, при имплементирање на Регулативата на Советот (ЕК) Бр. 1085/2006 за воспоставување на Инструмент за претпристапна помош (ИПА) ([2]), а посебно членовите 18 и 186,

Имајќи ја предвид Регулативата на Советот (ЕК, Евроатом) Бр. 1605/2002 од 22 Јуни 2002 година од Финансиската Регулатива, применлива за генералниот буџет на Европските заедници ([3])( во понатамошниот текст „Финансиска Регулатива“), а посебно Членовите 53в и 56(2),

Имајќи ја предвид Регулативата на Комисијата (ЕК, Евроатом), Бр. 2342/2002 од 23 Декември 2002 година, за воспоставување на детални правила за имплементација на Регулативата на Советот (ЕК, Евроатом) Бр. 1605/2002 од Финансиската Регулатива применлива за генералниот буџет на Европските заедници ([4]) (во понатамошниот текст „Правила на имплементирање“), а посебно Членот 35,

Каде што:

(1) Регулативата (ЕК) Бр.1085/2006 за воспоставување на Инструмент за претпристапна помош (ИПА) ги поставува целите и начелата за претпристапна помош за земјите кандидатки и потенцијалните земји кандидатки за периодот од 2007 до 2013 година и ја доделува одговорноста за нејзината имплементација на Комисијата.

(2) Членовите 11, 12, 13, 14, 18, и 186 од Регулативата (ЕК) Бр. 718/2007 за спроведување на Регулативата (ЕК) Бр. 1085/2006 ѝ даваат можност на Комисијата да го додели

---

[1] OJ L 210, 31.7.2006, p. 82
[2] OJ L 170, 29.6.2007, p. 1
[3] OJ L 248, 16.9.2002, p. 1
[4] OJ L 357,, 31.12.2002, p. 1

правото на управување на земјата корисник и да ги дефинира условите за ваквото пренесување на право коешто се однесува на Компонента 5 – Земјоделство и Рурален Развој од Инструментот за претпристапна помош.

(3) Согласно Член 7 од Регулативата (ЕК) Бр. 718/2007, Комисијата и земјата корисник треба да склучат рамковна спогодба за да ги постават и договорат правилата за соработка коишто се однесуваат на финансиската помош наменета за земјата корисник. Доколку е потребно, рамковната спогодба може да биде надополнета со секторска спогодба или секторски спогодби, определувајќи ги специфичните одредби од оваа Компонента.

(4) Условите наведени во од Член 53в и Член 56(2) од Финансиската Регулатива и условите од Член 35 од Правилата за имплементирање мора да бидат исполнети за да се пренесат правата за управување на земјата корисник.

(5) Рамковната спогодба за правилата за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Европската Комисија беше склучена на 4 Март 2008 година, и се однесува на ЕК – финансиската помош наменета за Република Македонија во рамки на имплементацијата на помошта од Инструментот за предпритсапна помош (ИПА).

(6) Програмата за Земјоделството и Руралниот Развој на Република Македонија во рамки на ИПА (во понатамошниот текст „ИПАРД Програма") одобрена со Одлука на комисија (2008) 677 од 25 Февруари 2008 година, согласно Член 7(3) од Регулативата (ЕК) Бр. 1085/2006 и Член 184 од Регулативата (ЕК) Бр. 718/2007 вклучува план за годишното учество на Заедницата како и финансиска спогодба.

(7) Секторската спогодба, склучена на 29 Јануари 2009 година, помеѓу Комисијата на Европската Заедница којашто ја застапува Европската Заедница и Владата на Република Македонија којашто ја застапува Република Македонија, ги надополнува одредбите од Рамковната спогодба определувајќи ги специфичните одредби применливи за имплементација на ИПАРД програмата за Земјоделство и Рурален Развој на Република Македонија во рамките на ИПА.

(8) ИПАРД програмата последен пат беше надополнета на 23 Септември 2009 година со Одлука на Комисија (2009) 7041.

(9) Согласно Член 21 од Регулативата (ЕК) Бр. 718/2007, земјата корисник треба да назначи тела и одговорни лица за имплементација на ИПАРД програмата: Надлежен координатор за акредитација, Национален координатор за авторизација, Национален фонд, Тело за управување со ИПАРД, ИПАРД Агенција и Ревизорско тело.

(10) Владата на Република Македонија го определи Националниот фонд, како централно трезорско тело во рамките на Министерството за Финансии да делува како Национален фонд кој ќе ги извршува функциите и одговорностите дефинирани во Анекс 1 од Секторскиот Договор.

(11) Владата на Република Македонија ја назначи Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) да делува како ИПАРД Агенција, која ќе

ги извршува функциите и одговорностите дефинирани во Анекс 1 од Секторската Спогодба.

(12) Владата на Република Македонија го назначи Телото за управување при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги извршува функциите и одговорностите коишто се дефинирани во Анекс 1 од Секторската спогодба.

(13) Надлежен координатор за акредитација ја извести Европската Комисија на 18 Март 2009 година за акредитација на Националниот координатор за авторизација и Националниот Фонд во согласност со Член 12(3) од Регулативата (ЕК) Бр. 718/2007.

(14) Националниот координатор за авторизација ја извести Европската Комисија на 18 Март 2009 година за акредитација на оперативната структура надлежна за управување и имплементација на ИПА Компонентата 5 – Рурален Развој во согласност со член 13(3) од Регулативата (ЕК) Бр. 718/2007.

(15) Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, делувајќи како ИПАРД агенција и Телото за управување, ќе бидат одговорни за имплементација на три акредитирани мерки од Националниот координатор за авторизација од четирите мерки од ИПАРД програмата: 101 „Инвестиции на земјоделските стопанства со цел преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија“, 103 „Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија “ и 302 „Диверзификација и развој на руралните економски активности“ како што е дефинирано во Програмата.

(16) На 22 Октомври 2008 година и 24 Февруари 2009 година, Националните тела доставија до Комисијата список на прифатливи трошоци согласно Член 32(3) од Секторската спогодба. Комисијата го одобри овој список во 17 Април 2009 година.

(17) Имајќи ги предвид барањата од Член 19(1) од Рамковната спогодба, трошоците согласно оваа Одлука треба да бидат прифатливи за кофинансирање од Заедницата само доколку не се платени пред датумот на пренесување на правото за управување, со исклучок на општите трошоци дефинирани во Член 172(3)(в) од Регулативата (ЕК) Бр. 718/2007. Трошокот ќе биде прифатлив доколку е во согласност со принципите на цврстото финасиско управување, особено со економичноста и трошковната ефикасност.

(18) Регулативата (ЕК) Бр. 718/2007 предвидува дека барањето за ex-ante одобрување, според Член 18(2) од Регулативата (ЕК) Бр. 718/2007, може да биде отфрлено врз основа на анализа „случај по случај“ на ефективното функционирање на управувањето и контролниот систем, а воедно предвидува и детални правила за спроведување на таа анализа.

(19) Согласно Членовите 14 и 18 од Регулативата (ЕК) Бр. 718/2007, акредитациите наведени во Членовите 11, 12 и 13 од Регулативата (ЕК) Бр. 718/2007 беа прегледани; како и процедурите и структурите на телата и одговорните лица како што е наведено во

апликацијата поднесена од страна на Националниот координатор за авторизација беа проверени, вклучувајќи и контрола на лице место.

(20) Извршените проверки од страна на Комисијата за мерката 101 „Инвестиции на земјоделските стопанства со цел преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија“, мерката 103 „Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија “ и мерката 302 „Диверзификација и развој на руралните економски активности“ се темелат на систем кој што е оперативен, но сѐуште не функционира, и се однесуваат на сите составни елементи на системот.

(21) Иако Ревизорското тело не е дел од оваа Одлука, неговото ниво на подготвеност за функционирање како независно ревизорско тело до денот на поднесување на пакетот за акредитација за пренесување на правото за управување до Комисијата е евалуирано со извршување на контроли на лице место.

(22) Усогласеноста на Република Македонија со барањата од Член 56(2) од Финансиската Регулатива и Членовите 11, 12 и 13 од Регулативата (ЕК) Бр. 718 беа оценети со проверки на лице место.

(23) Проценката покажа дека Република Македонија е усогласена со барањата за имплементација на мерките 101, 102 и 302.

(24) Поради тоа, соодветно е да се повлече барањето за ex-ante одобрување од Член 18(1) од Регулативата Бр. 718/2007 и Член 165 од Финансиската Регулатива и да се пренесе правото за децентралицирано управување со мерките 101, 103 и 302 од Програмата за Република Македонија на Националниот координатор за авторизација, Националниот фонд, ИПАРД Агенцијата и Телото за управување.

ЈА УСВОИ СЛЕДНАТА СЛЕДНАТА ОДЛУКА:

Член 1

1. Управувањето со помошта обезбедена од ИПА Компонента 5, кое се однесува на Земјоделството и Руралниот Развој од Инструментот за претпристапна помош е доделено на гореспоменатите тела под услови наведени во понатамошниот текст од оваа Одлука.

2. Барањето за одобрување за функциите при спроведување на мерката 101 „Инвестиции на земјоделските стопанства со цел преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија“, мерката 103 „Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија “ и мерката 302 „Диверзификација и развој на руралните економски активности“ од страна на Република Македонија за управување, плаќање и имплементирање на активностите е повлечено согласно Член 18 од Одредбата Бр. 718/2007 од страна Комисијата.

Член 2

Оваа Одлука ќе се применува и ќе важи за следните структури и тела и одговорни лица од страна на Република Македонија за управување со мерките 101, 102 и 302 од Програмата во рамките на ИПА, Компонента 5:

(а) Национален координатор за авторизација

(б) Национален фонд

(в) Оперативна структура за ИПА – Компонента 5

- Тело за Управување
- ИПАРД Агенција

Член 3

1. Правото на управување е пренесено на структурите, телата и одговорните лица согласно во Член 2 од оваа Одлука.

2. Државните управни органи треба да понатаму да ги проверуваат структурите, телата и одговорните лица наведени во Член 2 од оваа Одлука, со цел да се уверат дека системот на управување и контрола функционира на задоволително ниво. Проверките треба да бидат извршени пред поднесување на Изјавата за трошоци со која ќе се бара повраток на средства за горенаведените мерки, Член 1(2).

Член 4

1. Трошоците кои се платени пред датумот на донесување на оваа Одлука нема да бидат прифатливи, со исклучок на општите трошоци од Член 172 (3) (в) од Одредбата Бр. 718/2007.

2. Трошоците ќе бидат прифатливи само ако се во согласност со начелата на цврстото финасиско управување, а особено со економичноста и трошковната ефикасност.

Член 5

Без оглед на било која одлука со која се обезбедува помош за индивидуални корисници преку ИПАРД програмата, ќе се применуваат правилата за прифатливост на трошоци предложени од Република Македонија со допис Бр. 08 – 44/82 од 22 Октомври 2008 година и допис Бр. 08 – 77/16 од 24 Февруари 2009 година регистрирани во Комисијата на 21 Ноември 2008 година под Бр. A/31025 и на 24 Март 2009 година под Бр. A/7937.

Член 6

1. Комисијата ќе ја следи усогласеноста со барањата за доделување на правото за управувањето наведено во Член 17 од Одредбата Бр. 718/2007.

2. Во секое време од имплементацијата на оваа Одлука, во случај Комисијата да смета дека обврските превземени од оваа веќе не се исполнуваат, Комисијата може да одлучи да го повлече или суспендира доделувањето на правото на управување.

Брисел, 18 Декември 2009 година

За Комисијата

Претседател

Жозе Мануел БАРОСО